**ТД МАКОТЕКС АД Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА
# ДРУШТВОТО
# ВО 2011 ГОДИНА

**Скопје, 11 мај 2012 година**

**Дејност**
Изнајмување на деловен простор

**Одбор на директори**
1. Зоран Костов, Претседател
2. Драгољуб Бундалески, Главен извршен директор
3. Сашо Стрезоски, член
4. Николаки Миов, независен член

**Деловници**
1. Генерална
2. Деловен простор
3. Финансии
4. Општо-правна

**Адреса**
Ул. Никола Парапунов бр. 41
Скопје
Тел. 02/3238-927
Факс 02/3079-746
Е-маил: makotex@mt.net.mk

**Соработници**
Банка
Комерцијална банка
Адреса:Кеј Димитар Влахов
Бр.4 Скопје
Тел. 02/3112-077
Ден. ж/с-ка 300000001258223
Девизна с-ка 257310

Адвокати
Мирче Ристовски
Адреса: Питу Гули бр.55 Скопје
Тел. 070/226-630
Кире Чејковски
Адрсеа: Орце Николов бр.83
Скопје
Тел. 070/217-887

Ревизор
Мур Стивенс ДОО Скопје
Адреса: Мито Хаџивасилев
Јасмин бр. 20 Скопје
Тел/Факс 02/3214-706

Сметководител
Бигла
Адреса: Иван Козаров бр.24/1-1
Скопје
Тел. 02/2772-102

Макотекс е основан на 11.03.1949. Запишан е во Регистарот на ТД во Централен регистар, на ден 30.08.06. Матичен број 4091957. Единствен даночен број 4030991135325.

## 1. ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

2011 – та година ја завршивме со загуба од 9.600.000 денари. Ќе звучи како фраза која постојано ја повторувам, но факт е дека загубата се должи на изгубени стари судски спорови, за адвокатски и судски трошоци.

Судскиот спор со Силекс од Кратово, започнат во далечната 1989-та, под чудни околности го загубивме минатата година. До крајот на годината, од блокираната жиро сметка ни се одлеаа преку 2.900.000 денари. Во текот на оваа година останува да им платиме уште 3.600.000 денари.

За изгубениот работен спор, со вработен кој бил испратен како технолошки вишок од предходното раководство, плативме 650.000 денари.

3.300.000 денари беа наменети за адвокатски и 250.000 за судски трошоци.

Големата неликвидност во стопанството, ни создаде сериозни проблеми во наплатата, но сепак успеавме да ја зголемиме наплатата во однос на предходната 2010-та година.

10-те вработени, вложија максимални напори, како фирмата би се справила со сите предизвици.

Тешката финансиска ситуација во која се наоѓа Макотекс, не ни дозволува да издвоиме средства за реновирање на хотелот во Охрид. Но сепак и во таква состојба успеваме да го изнајмине и да го ставиме во функција.

Процедурата за добивање на енергетска согласност, за изградба на нова трафостаница, суште е во тек. Со изградбата на нова трафостаница, драстично ќе ги намалиме трошоците за електрична енергија, чија цена од година во година се покачува.

Скопје, 11 мај 2012 година

Драгољуб Бундалески
Главен извршен директор

## 2. ОПШТИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РАБОТАТА ВО 2011 ГОДИНА

Во 2011 година оствапивме 16.900.000 денари приходи и 26.500.000 трошоци, што значи искажавме загуба од 9.600.000 денари.

75% od загубата се должи на изгубениот спор со Силекс Кратово, изгубениот работен спор со едне од поранешните вработени и исплатените адвокатски и судски трошоци.

### 2.1. Деловницата за издавање на деловниот простор

Од издавање на деловен простор со кој располага фирмата, остварени се 16.900.000 денари. Тоа е за 10,5% поголема наплата во однос на предходната година, што секако се должи на големата посветеност на овој мал тим.

## 3. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

### 3.1 Собрание на акционери

На минатогодишното собрание присуствуваа 10 акционери, кои застапуваа 43.879 акции, односно 53% од акциите со право на глас.

### 3.2. Одбор на директори

Одборот на директори во текот на 2011-та година, одржа три седници.

### 3.3 Колегиум

На 39-те состанока, колегиумот ги договараше оперативните задолженија, ги анализираше и сумираше остварените резултати.

## 4. ОПШТИ ПРАВНИ РАБОТИ

### 4.1. Судски спорови

Во текот на годината одржани се 25 стопански и 12 работни рочишта. Значи и понатака постои тенденција на намалување на споровите и бројот на рочишта.

### 4.2. Имотна состојба

Согласно законските прописи извршена е проценка на целокупниот имот на фирмата, па така тој сега вреди 329.800.000, за разлика од предходите 161.000.000 денари.

## 5. РАБОТНИ ОДНОСИ

Во друштвото се запослени 10 вработени.

| стручна спрема | вработени | % | |
|---|---|---|---|
| ВСС | 3 | 30 | |
| ССС | 3 | 30 | ССС и НКВ 70% |
| НКВ | 4 | 40 | |

Образовната структура и понатака е доста лоша, односно 30% се со висока стручна спрема, а 70% со НКВ и средна стручна подготовка.

Просечната старост на вработените е 53 години.

## 6. ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Како поголеми годишни трошоци би ги навел:

- 5.400.000 комунални давачки
- 3.300.000 адвокатски трошоци
- 4.600.000 амортизација
- 3.500.000 судски спорови, плати, ПИО, камати
- 5.300.000 вкалкулирани плати

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Тешките услови на стопанисување, кои се резултат на криза во разиениот свет, секако се одразија и на Макотекс. Големата неликвидност на стопанството, уште повеќе ја усложни и онака тешката состојба.

Но тоа претставува и голем предизвик како за Одборот на директори, така и за секој од вработените. Секој од нас мора да се се вложи максимално себеси и да покаже дека е дојдено време да вратиме на фирмата, барем толку колку таа ни дала, а за вољa на виостината, Макотекс ни дал на сите.

Само со голема посветеност, истрајност, работа и љубов кон Макотекс, стигнавме дотука.

Не чека многу работа, многу откажувања, но задоволство е, кога чувствуваме дека одиме нагоре.

Тоа го должиме на сите оние кои Макотекс го создале и издигнале во една од најголемите фирми во бившата држава.

Скопје, 11 мај 2012 година
Број: 96-02-0201

Драгољуб Бундалески
Главен извршен директор